РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3427/2

17-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3427/1 од 17.09.2021 година, за неисплатени парични средства од правно лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени државни институции и службени лица.

Предметот со број 12-3427/1 од 17.09.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 17.09.2021 година, поднесена е пријава за неисплатени парични средства од правно лице и оформен е предмет број 12-3427/1 од 17.09.2021 година.

Во пријавата се наведува дека станува збор за група на луѓе од --------------, кои работеле како стражари на место на изградба на гасовод. Во продолжение се наведува како биле исплаќани, односно од правното лице изведувач на работите – ----------------------- преку агенција од -------------, а по завршување на работите на крајот на 2020 година на ангажираните физички лица не им биле исплатени сите парични средства до моментот на поднесување на пријавата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавеното правно лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Нури Бајрами**